Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-560/3
29-10-2024 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 560/1 од 16.08.2024 година, поднесена од [redacted] од Скопје, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен Весник на Р.С. Македонија“ бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**СЕ ОТФРЛА** претставката за заштита од дискриминација бр. 08-560/1 од 16.08.2024 година поднесена од [redacted] од Скопје **поради неуредност.**

## О б р а з л о ж е н и е

[redacted] на 16.08.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација електронски достави претставка за заштита од дискриминација заведена под бр. 08-560/1.

Од причина што претставката не ги содржеше задолжителните елементи согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, односно не содржеше наведени факти и околности врз кои се темели претставката, Комисијата согласно член 24 став 2 од истиот Закон, на 30.08.2024 година, до подносителката уредно достави Барање бр. 08-560/2 од 29.08.2024 година за доуредување на претставката. Со барањето подносителката беше задолжена во рок од 8 дена од приемот на барањето, да ја доуреди претставката согласно насоките во барањето.

Од причини што претставката не се доуреди во предвидениот рок се одлучи како и во диспозитивот на овој заклучок.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател,
Игор Јадровски

*Доставено до:*

- [redacted]
- *Архива на Комсијата*